ЗАПИСНИК
**од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 06.09.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.08.2022 година.
2. Предлог за усвојување на Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање во изборната кампања за Локалните избори 2022 – Избори за членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Шутел од Скопје за прекршување на член 15 од Законот за медиуми.
5. Предлог за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување на определено време, со предлог-одлука и предлог-јавен оглас.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.08.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање во изборната кампања за Локалните избори 2022 – Избори за членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период. Објасни дека за изборите за градоначалници во двете општини не беа пријавени радиодифузери за ППР. Во врска со Извештајот наведе дека е подготвен врз основа на обврската од член 76-д став 8 од Изборниот законик, во која е утврдено дека Агенцијата е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк до Државната изборна комисија да достави Извештај за платено политичко рекламирање на радиодифузерите. Рокот за достава на овој Извештај е 7 септември 2022 година. Податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, а дополнително, сите податоци беа проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите кој тие согласно обврските од Изборниот законик во АВМУ ги доставуваат 5 дена од настапување на предизборниот молк што пак, Агенцијата треба да ги потврди во рок од 5 дена од доставувањето. Од вкупно 6 радиодифузери што се регистрираа во ДИК за емитување платено политичко рекламирање, 4 телевизии (ТВ 21-М, ТВ Коха, ТВ Кисс&Менада и ТВ Полог) склучија договори со учесниците во изборната кампања. Агенцијата издаде вкупно 20 потврди за секој поединечен извештај за реализирани услуги за секој учесник во изборите кој закупил простор за емитување платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите. Податоците за емитуваното платено политичко рекламирање се претставени во секунди во табелите во Извештајот, во три временски периоди во деноноќието согласно образецот на извештај за реализирани услуги донесен од Државната изборна комисија. Според податоците од мониторингот најголем огласувач за време на изборната кампања беше политичката партија Алијанса за Албанците, а најмногу платено политичко рекламирање беше закупено на ТВ Коха. Оттука се предлага Советот да го усвои предложениот Извештај со текст како што е предложен кој потоа ќе се достави до ДИК и ќе се објави на веб страницата на АВМУ.

Г-дин Ајдини рече иако навидум Извештајот не е обемен тој сепак ги содржи сите потребни податоци за да се добие јасна слика за платеното политичко рекламирање за време на изборната кампања. Од Извештајот е видливо дека Секторот за програмски работи имал обемна работа и притоа ги има проверено сите податоци низ постапка на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите што тие ги доставуваат во Агенцијата. Исто така некои од овие извештаи биле неколку пати коригирани и рече дека според него секторот направил добра работа и извештајот ќе го поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање во изборната кампања за Локалните избори 2022 – Избори за

членови на Советот на Општина Тетово за остатокот од изборниот период, со текст како што беше предложен.

Горенаведениот Извештај да се достави до Државната изборна комисија.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот Извештајот да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека радиодифузерот наместо програмата да ја емитува на македонски јазик како што ја има добиено дозволата за телевизиско емитување, во дел од емисија „Волшебна Македонија", дел од двете нејзини репризни изданија, како и три најави за емисијата „Македонски туризам", се емитуваа изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Согласно Законот потребно е во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги а потоа да се направи контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3128/1 од 15.08.2022 година и едногласно заклучи на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 3 август 2022 година, дел од емисијата „Волшебна Македонија", дел од двете нејзини репризни изданија, како и три најави за емисијата „Македонски туризам", се емитуваа изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Шутел од Скопје за прекршување на член 15 од Законот за медиуми. Објасни дека

всушност радиодифузерот не ја исполнил обврската од Законот за медиуми затоа што во вториот предвиден рок не ги објавил на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Оттаму се предлага да се изрече мерка јавна опомена, ваквиот прекршок да го коригира во рок од 45 дена а потоа да се направи контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-2918/1 од 25.07.2022 година и едногласно заклучи на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми, затоа што во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување на определено време, со предлог-одлука и предлог-јавен оглас. Објасни дека во мај 2020 година возачот во АВМУ замина во пензија но на негово место не се вработи ново лице бидејќи се ангажираше преку Агенција за времени вработувања. Законската обврска е дека такво лице може да биде вработено преку Агенција за времени вработувања максимум 2 години и тој период истекува во октомври оваа година. Од таа причина се предлага да се распише конкурс за вработување на еден извршител на определено време за период од една година за да се испочитува Законот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување во Стручната служба на Агенцијата за аудио

и аудиовизуелни медиумски услуги на 1 (еден) извршител на определено време за период од 1 (една) година, со Јавен оглас.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Јавниот оглас да го објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-3312/6**

**16.09 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**